Влада на Република Македонија
Генерален Секретаријат
Сектор за европска интеграција
**Одделение за институционална надградба**

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБУКА НА СЛУЖБЕНИЦИ НА ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Мај, 2000

Содржина:

1. ОДНОСИ РМ-ЕУ ........ 3
1.1. Институционална инфраструктура на Република Македонија за управување и координирање на процесот на европска интеграција ........ 4
2. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 5
2.1. Реформата на јавната администрација и обуката на државните службеници ........ 7
2.2. Подготовка на Стратегијата за ЕУ обука ........ 7
2.3. Фактори за успешна подготовка на државната администрација во процесот на Европската интеграција ........ 8
3. ЦЕЛИ НА ОБУКАТА ........ 8
4. ЦЕЛНИ ГРУПИ НА ОБУКАТА ........ 9
4.1. Целни групи според активноста во процесот на приближување кон ЕУ ........ 9
4.2. Целни групи на ЕУ обуката според институционална поставеност ........ 10
5. ГЛОБАЛНИ НАСОКИ НА ЕУ ОБУКАТА ........ 11
6. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ЕУ ОБУКАТА ........ 11
А. Општа и меѓуресорска обука ........ 12
Б. Специфична обука согласно целната група ........ 13
7. МЕТОДИ НА ОБУКА ........ 15
8. УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СО ЕУ ОБУКАТА ........ 17
8.1. Структури одговорни за управување со ЕУ обуката ........ 17
8.2. Меѓуминистерско управување и координација на ЕУ обуката ........ 18
9. НЕОПХОДНИ РЕСУРСИ ЗА ОБУКАТА ........ 18
10. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕУ ОБУКАТА ........ 19
11. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ........ 20
11.1. Мониторинг ........ 20
11.2. Евалуација ........ 20
12. АКТИВНОСТИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕУ ОБУКАТА ........ 20

## 1. ОДНОСИ РМ-ЕУ

Интегрирањето во Европската унија е стратегиска определба на Република Македонија. За реализирање на оваа цел во изминатите години, по осамостојувањето на Република Македонија, се направени првите значајни чекори, кои резултираа со мандат на Европската комисија за започнување преговори за склучување на Спогодба за стабилизација и асоцијација со РМ.

Најзначајни одредници од приближувањето на Република Македонија кон ЕУ во изминатиот период се:

- 1992 октомври: Назначување македонски преставник во Брисел.
- 1995 декември: Воспоставување на дипломатски односи помеѓу РМ и ЕУ.
- 1996 февруари: Подигање на постојаната Мисија на РМ во Брисел на амбасадорско ниво.
- 1996 март: РМ стана рамноправен член на програмата ПХАРЕ.
- 1996 март: Започнување на преговорите за склучување на Спогодба за соработка, за Финансиски протокол и Спогодба за транспорт.
- 1997 ноември: Стапување во сила на Спогодбата за транспорт.
- 1998 јануари: Стапување во сила на Спогодбата за соработка и основање на Советот за соработка.
- 1998 март: Назначен првиот постојан преставник на Европската комисија во РМ.
- 1999 февруари: Поднесување официјално барање за асоцијативно членство во ЕУ од страна на РМ
- 1999 мај: Усвоен Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.
- 1999 јуни: Усвоен извештај за можноста за отпочнување преговори за новата Спогодба за стабилизација и асоцијација.
- 2000 јануари: Добивање мандат од страна на Советот на министрите на ЕУ, Европската комисија да започне преговори за склучување на Спогодба за асоцијација и стабилизација со Република Македонија
- 2000 март: Подигнување на односите меѓу РМ и ЕУ со отварање на Делегација на ЕУ во РМ и назначување на прв шеф на делегацијата на амбасадорско ниво. Официјално започнување на преговорите за склучување на Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ
- 2000 април: Отпочнување на прва рунда преговори меѓу РМ и ЕУ за Спогодбата за стабилизација и асоцијација

Сите овие настани придонесоа за унапредување на односите и меѓусебната соработка меѓу РМ и ЕУ. Идното склучување на Спогодбата за асоцијација и стабилизација треба да преставува голем исчекор на РМ на патот кон членството во Европската унија, кое преставува конечна цел на севкупните внатрешно и надворешно-политички заложби на Република Македонија.

Претпоставка за реализацијата на оваа задача се долги преговори со Европската комисија, меѓутоа, во исто време, постигнувањето на оваа основна стратегиска определба

на РМ бара и исполнување на многу строги политички и економски услови кои се неопходни за асоцирање во ЕУ.

Од овие причини Стратегијата за обука на службеници на државната администрација на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската унија има исклучително значајно место. (прилог стр. 27)

## 1.1. Институционална инфраструктура на Република Македонија за управување и координирање на процесот на европска интеграција

Владата на Република Македонија во 1997 ги постави основите на институционалната инфраструктура, а во декември 1998 и почетокот на 1999 година ја дооформи структурата која ќе управува со процесот на европска интеграција. (прилог стр. 28)

Формирани се:

- Комитет за Евро-Атлански интеграции, орган кој има централна улога во одлучувањето за политиката на земјата во процесот на Европска интеграција и зачленување во НАТО структурите. Со него претседава Претседателот на Владата на РМ, со членови Потпретседателите на Владата на РМ и Министрите за надворешни работи, финансии, одбрана, внатрешни работи, правда, стопанство, земјоделие, урбанизам, Гувернерот на Народната Банка на Македонија, Претседателот на Македонската академија на науки и уметности.

- Потпретседател на Владата на Република Македонија надлежен за управување и координација на процесот на европска интеграција

- Сектор за Европска Унија во рамки на Министерството за надворешни работи, како Секретаријат на Комитетот за Евро-атлански интеграции и надлежен за политичкиот дел на процесот на европската интеграција, раководен од страна на помошник министер во Министерството за надворешни работи.

- Работен Комитет за европска интеграција при Влада на Република Македонија со Потпретседателот на Влада одговорен за европската интеграција, како Претседател на Работниот комитет за европски интеграции, Министерот за стопанство како заменик на претседателот и сите заменици министри како членови на Комитетот. Негова основна задача е да ја реализира стратегијата и политиката на Комитетот за Евро-Атлански интеграции.

- Одделение за европска интеграција при Владата на Република Македонија, како сервис и поддршка на Потпредседателот на Владата надлежен за европска интеграција и Национален координатор за странска помош, и постојан Секретаријат на Работниот комитет за европски интеграции, исто така и како оперативен координатор на Одделенијата за европска интеграција и нивна постојана директна и техничка поддршка.

- Одделенија за европска интеграција организирани во сите министерствата, освен во Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи. Овие одделенија имаат оперативна улога во подготовката и имплементацијата на процесот на европската интеграција.

Покрај ова, во процесот на европска интеграција, важна е и улогата на телата формирани согласно, Спогодбата за соработка кои се состануваат најмалку еднаш годишно и го оценуваат степенот и развојот на соработката помеѓу Република Македонија и Европската унија, и тоа:

- Совет за соработка, мешовито работно тело составено од претставници на Република Македонија и претставници од Европската комисија со цел да се реализираат целите на Спогодбата за соработка.

- Работни тела на Советот за соработка:

  - Работна група за стопанско-финансиски прашања;
  - Работна група за земјоделство,
  - Работна група за статистика, царини и даноци;
  - Работна група за реформа и приближување на законодавството;
  - Контакт група за производи од железо и челик;
  - Заеднички комитет за сообраќај.

Во институционалната инфраструктура за интеграција и координација на процесот на европска интеграција, со почетокот на преговорите за новата Спогодба за стабилизација и асоцијација, посебна улога и важност добива и преговарачката структура, и тоа:

- Шеф на преговарачкиот тим;
- Главен тим за преговори;
- Поширок тим за преговори и
- Работни групи за сите области кои ќе бидат опфатени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

## 2. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Еден од условите за идно пристапување на Република Македонија кон Европската унија е и исполнување на критериумите на Унијата за модерен и професионален систем на јавна администрација. Во истовреме, економската интеграција на Република Македонија во рамките на Европа бара ефикасна администрација, која е способна да помогне во создавањето услови за развој на конкурентно стопанство.

За реализација на оваа цел - Реформата на јавната администрација и нејзино оспособување за процесот на приближување кон ЕУ, Владата на РМ ги презеде првите чекори со заокружување на институционалната рамка за спроведување на реформата. За таа цел формирани се:

- Комисија за реформа на јавната администрација, највисоко меѓуминистерско тело директно задолжено за водење на процесот на реформа на јавната администрација (Одлука на Влада, јануари 1998 година);
- Секретаријат за поддршка на Комисијата за реформа на јавната администрација, задолжен за спроведување на непосредните активности кои произлегуваат од координирањето и креирањето на политиката на Комисијата. (Одлука на Влада, март 1999 година);
- Единица за реформа на јавната администрација, за имплементацијата на активностите на Комисијата за реформа на јавната администрација и Секретаријатот за поддршка на Комисијата. (со Одлука на Влада, октомври 1999 година)

Во согласност со утврдените приоритети на Стратегијата за реформа на јавната администрација (усвоена на 28-та Седница на Владата на Република Македонија, на 25 мај 1999 година), подготвувањето на легислативата за јавната администрација е една од најзначајните активности во реформата во првиот период од нејзиното спроведување. Во различни фази на донесување, се наоѓаат следните релевантни законски акти за реформа на јавната администрација:

- Закон за државни службеници;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа;
- Закон за установите;
- Закон за Владата на Република Македонија;
- Закон за општа управна постапка, Закон за управни спорови и Закон управна инспекција;
- Закон за спречување на корупцијата;
- Закон за изменување и дополнување на законот за локална самоуправа, Закон за изменување и дополнување на законот за територијална поделба и Закон за финасирање на единиците на локалната самоуправа и Закон за изменување и дополнување на Законот за Град Скопје;
- Закон за изменување и дополнување на законот за извршна постапка и за законот за прекршоци;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка, за стечај, за хипотека, за вонпарнична постапка и за арбитража

Основна цел на оваа реформа на јавната администрација во РМ е нејзино приспособување кон развојот на демократското општество, и пазарната економија. За функционирање на реформираната јавна администрација треба да се исполнат повеќе принципи, меѓу кои најзначајни се:

- владеењето на правото;
- транспаретност;
- компетентност;
- одговорност;
- стабилност;
- предвидливост;
- еднаков третман;
- ефикасност и

- етичност.

Во рамките на реформата на јавната администрација свое место зазема реформата на локалната самоуправа со цел да се подобри комуникацијата и координацијата меѓу централната власт и локалната самоуправа, подобрување на нивото на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во сферата на локалната самоуправа и воопшто подобрување на ефикасноста системот на локалната самоуправа.

Всушност, реформата на јавната администрација е комплементарен дел од активностите за европска интеграција и една од основните цели на реформата е да се создаде администрација која ќе биде во состојба да се справи со подготовките и преговорите со Европската унија, како и да биде способна за примена на европската легислатива во сите сфери на животот на Република Македонија.

## 2.1. Реформата на јавната администрација и обуката на државните службеници

Клучна област на реформата на јавната администрација е реформата на нејзиното централно јадро, државната администрација. Стратегијата за ЕУ обука на државната администрацијата за подготовка за пристапување во ЕУ исто така, треба да придонесе за забрзување на овој исклучително значаен процес за Република Македонија.

Всушност, еден од приоритетите на реформата на јавната администрација претставува дизајнирањето на систем на обука на државните службеници, заснован врз конкретните потреби на државните органи, како и врз основа на потребите што произлегуваат од преговорите за Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ.

За оваа цел, приспособување на државната администрација кон ЕУ може да придонесе и формирање на институција за обука на кадри во јавната администрација, односно институт за обука на кадри како позитивно искуство од земјите кои веќе го надминале овој стадиум во приближувањето кон ЕУ. Меѓутоа, реализирањето на ваков проект претпоставува соодветни одлуки на надлежните органи потоа, квалификувани кадри и финансиски средства.

## 2.2. Подготовка на Стратегијата за ЕУ обука

Имајќи ја предвид, неопходноста од обука на македонските државни службеници и на целото општество воопшто, а со цел успешно реализирање на европската интеграција, Одделението за европска интеграција го изработи документот "Насоки за изготвување на Стратегија за обука за подготовка за пристапување кон Европската унија". Овој документ беше усвоен во декември 1999 година на 51-вата седница на Владата на Република Македонија и на 12-иот состанок на Работниот комитет на европска итеграција, и при тоа беа донесени следните заклучоци:

- Одделението за европската интеграција да ја развие стратегијата за ЕУ обука на државните службеници на Република Македонија во соработка на другите министерства;
- Одделението за европска интеграција да обезбеди комплементарност на различни проекти кои се во тек, или кои се планираат да се развијат, за поддршка на оваа стратегија.

Дефинирајќи ги приоритетите, целите, целните групи, методите и активностите кои треба да се реализираат за организирање на ЕУ обука, насоките претставуваат иницијален чекор за изработката на Стратегија за ЕУ обука на македонските државни службеници.

### 2.3. Фактори за успешна подготовка на државната администрација во процесот на Европската интеграција

За успешно пристапување кон Европската унија неопходно е при обуката на службениците во државната администрација да се имаат предвид следните фактори:

- да се посвети внимание на неопходниот квалитет знаења и вештини на државните службеници особено во проблематиката на ЕУ;
- обуката да биде координирана со Реформата на јавната администрација, односно да се усогласи со сите неопходни промени во структурата на администрацијата согласно ЕУ;
- да се посвети внимание на подготовката на службениците во државната администрација во предпристапувањето и пристапувањето во ЕУ особено, со оглед на објективниот недостиг на квалификуван кадар;
- да се посвети посебно внимание на знаењето на странски јазици. особено англиски и француски како и другите работни јазици на ЕУ;
- во процесот на обуката да се користи искуството на другите земји.

## 3. ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Предуслов за имплементирање на процесот на европска интеграција е постоење модерна, ефикасна државна администрација, односно, службениците на државната администрација имаат многу важна улога во општество со модерно законодавство и јавна администрација, кон какви што се стреми Република Македонија.

Во истовреме, во услови на глобализиран економски пазар, еден од најзначајните предуслови за хармонизирање на законодавството и остварување на успешен пристап во преговорите е токму обуката и подготовките на државните службеници за процесот на интеграција.

Меѓутоа подготовката на државните службеници за пристапување кон ЕУ е долг процес. Различни целни групи бараат различни обуки во согласност со задачите кои треба да ги остваруваат во процесот на интеграција.

Главните цели на ЕУ обуката може да бидат поделени на три вида:

а) Краткорочна цел на ЕУ обуката е да се обезбеди државните службеници, кои се директно вклучени во овој процес на интеграција да поседуваат комплетно знаење неопходно во сите активности во приближувањето кон ЕУ.

б) Среднорочна цел на ЕУ обуката на државните службеници се однесува на унапредување на вештини и знаење на државните службеници вклучени во процесот на подготовка, преговори и пристапување, и на оние кои директно се вклучени во имплементација на Аџѕуис Цоммунитаире.

В) Долгорочна цел на ЕУ обуката е да ја поддржи и развие државната администрација со цел Република Македонија да може да учествува целосно во работата на Европската унија. Оваа цел дава можност Република Македонија да ги превземе одговорностите и обврските уредени од страна на Европската унија и гарантира успешна имплементација на законодавството и на заедничката политика, како и способност да соработува со другите земји членки.

## 4. ЦЕЛНИ ГРУПИ НА ОБУКАТА

### 4.1. Целни групи според активноста во процесот на приближување кон ЕУ

Во времето на предпристапниот период, како и по пристапувањето во ЕУ, за Република Македонија е неопходно да има добро подготвени и квалификувани државни службеници кои ќе бидат ангажирани да работат во државните институции во Република Македонија и во дипломатските мисии во Брисел, како и во земјите членки на Европската Унија. Владата на Република Македонија, врз основа на приоритетите во преговорите со Европската унија, ги определува целните групи кои треба да се обучат. Тоа се:

- државни службеници вклучени во подготовката на законодавството, особено за прашањата врзани со хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ;
- државните службеници кои ги координираат европските интегративните процеси на национално ниво;
- државни службеници и експерти кои учествуваат во преговорите за пристапување и во различни ЕУ работни групи;
- повисоки државни службеници кои не припаѓаат во преговарачкото тело;
- државни службеници кои работат во локалните власти;
- службеници кои работат со односи со јавноста и информации;
- судии;
- преведувачи и толкувачи;
- обучувачи вклучени во ЕУ обуката;
- други државни службеници вклучени во европската интеграција

Европската интеграција влијае врз целото општество и поради тоа информациите за Европската унија проследени со соодветна обука треба бидат достапни за сите членови на општеството:

- политичари,(членови на Парламентот, министри, политички партии);
- сите државни службеници на државно и локално ниво;
- образовни институции (основни образовни институции, универзитети, институции за обука и истражување);
- различни интересни групи (бизнис групи, стопански организации и синдикати, граѓански организации, невладини организации и др.);
- средствата за јавно информирање;

- поширока јавност.

На Република Македонија и престои долг пат на асоцирање во Европската унија за што е потребна високо професионална државна администрација, добро подготвена да работи во мисиите и во различни институции на Европската унија. Од овие причини со обуката треба да се опфатат и:

- членови на постојаното преставништво во Брисел;
- државните службеници вклучени во координацијата на процесот на европската интеграција;
- државните службеници кои работат во структурите кои се одговорни за имплементацијата на Ацљуис Цоммунитаире;
- државните службеници кои работат во Европската комисија и другите институции на ЕУ.

## 4.2. Целни групи на ЕУ обуката според институционална поставеност

Приоритетни целни групи на ЕУ обуката кои се директно вклучени во процесот на европската интеграција според институционалната поставеност се вработените и членовите во следните органи и тела:

- Комитет за Евро-атлански интеграции;
- Сектор за Европска унија;
- Работен Комитет за европска интеграција;
- Одделение за европска интеграција при Владата на Република Македонија;
- Одделенија за европска интеграција организирани во сите министерствата, освен во Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи;
- Единица за реформа на јавната администрација;
- Македонски членови на Совет за соработка;
- Македонски членови на работните тела во рамките на Советот за соработка
    - Работна група за стопанско-финансиски прашања;
    - Работна група за земјоделство,
    - Работна група за статистика, царини и даноци;
    - Работна група за реформа и приближување на законодавството;
    - Контакт група за производи од железо и челик;
    - Заеднички комитет за сообраќај.
- Членови на Комисијата за европски и евро-атлански интеграции во рамките на Собранието на Република Македонија,
- Членови на Парламентарна група за соработка со Европскиот парламент, во рамките на Собранието на Република Македонија.
- Членови на одделенијата за имплементација на ПХАРЕ програмите.
- Членови на Преговарачката структура составена од:
    - Шеф на преговарачкиот тим;
    - Главен тим за преговори;
    - Поширок тим за преговори и

- Работни групи за сите области кои ќе бидат опфатени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

## 5. ГЛОБАЛНИ НАСОКИ НА ЕУ ОБУКАТА

Со оглед на фактот дека нивото на знаење и вештини што се бараат од државните службеници зависат од задачи во државната хиерархија, ЕУ обуката треба да се концентрира врз унапредување и продлабочување на овие знаења и вештини. Тоа подразбира унапредување и развивање на професионалните вештини на државните службеници во сопствената специјалност.

Зависно од улогата и задачите кои државните службеници ги имаат во хиерархијата на државниот апарат, нивната обука треба да се насочи кон:

а) знаење и вештини поврзани со главните задачи и улога на државните службеници

- Улогата на македонскиот државен апарат во контекстот на Европската унија, улогата на државните службеници во општеството и општата корист поврзана со нивните функции;
- знаење за ЕУ проблематика, основни принципи и системи на ЕУ законодавството, институции и процедури за креирање на политика;
- улогата на ЕУ и влијание врз македонска администрација и општество.

б) Професионална компетентност во специфичното знаење за ЕУ, во зависност од специјалноста на државниот службеник

- Специфики на соодветно секторско знаење за законодавството, институциите, политиката на ЕУ, итн.;
- Специфична надлежност соодветна на улогата на државните службеници.

В) Кноњ Ђ Хоњ и вештини, надлежност врзана за задачата

- Управувачки вештини;
- Практична и оперативна надлежност;
- Јазични вештини;
- Меѓународни вештини на преговарање;
- Меѓународни вештини на соработка;
- Работа со извори на информирање.

## 6. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ЕУ ОБУКАТА

ЕУ обуката може да биде поделена на општа, меѓуресорска и специфична обука на целните групи, следејќи ги потребите на обуката и улогата на секоја целна група во процесот на европската интеграција.

А. Општа и меѓуресорска обука

Секој државен службеник мора да поседува општо познавање за главната политика, институциите и системите на ЕУ, како и македонската политика и стратегија во однос на ЕУ.

Општата обука треба да се фокусира на пет главни области:

а) Обука врзана со Кнољ Ђ Хољ и факти врзани за ЕУ

- Историски развој на ЕУ;
- Севкупни цели на ЕУ;
- ЕУ законодавство: структура, главни принципи, системи и функционирање (директиви и др.);
- ЕУ институции: нивна структура, улога, функционирање, донесување на одлуки, односи меѓу институции, главни политики и принципи;
- Внатрешен пазар на ЕУ и главни политики;
- Принципи на финансирање на ЕУ;
- Релации меѓу институции на ЕУ со земји членки;
- Разлики и сличности на ЕУ со други меѓународни организации;
- Улогата на ЕУ во меѓународната дебата (трговија, животна средина, научна соработка и размена на научни искуства помош за развој, и др.);
- ЕУ / ЕМУ; цели и главни принципи;
- Главни карактеристики на земји членки: економија, политичка ситуација, администрација, културни разлики;
- Користење на база на податоци на ЕУ;
- Општа ЕУ терминологија;
- Програми на ЕУ и финансиски механизми, ЦАРДС, структурни фондови, специјални програми.

б) Обука врзана за административни процедури
Делумно иста како и во делот а), но и со поконктретни објаснувања:

- Принципи и цели на хармонизација и имплеменатација на законодавството;
- На општо ниво, можности на земјите членки и механизми со кои тие можат да влијаат врз донесување одлуки во Комисијата и Парламентот на Европската Унија;
- Соработка меѓу земјите членки, изградба на сојузи;
- Лобирање внатре во ЕУ; зошто, како и на какви видови на проблеми;
- Искуства на различни земји членки во работењето со институции на ЕУ.

В) Обука врзана за политиката и стратегијата на Република Македонија за европска итреграција

- Македонската национална евроинтеграциона политика и стратегија;
- Организација и управување со ЕУ содржините во Македонија односи со ЕУ;
- Статус и правна основа на Република Македонија, односи со ЕУ;

- Улога на државниот службеник во информативните сервиси врзани со ЕУ; правата на граѓанинот во однос на информациите и изворите на информации;

г) Обука врзана за влијанието на ЕУ врз македонското општество

- Промени во главни структури во македонското општество;
- Влијание на ЕУ врз суверенитетот на Република Македонија;
- Влијание на земјите членки на различни сфери на животот (економија, општество, трговија, индустрија, земјоделство, услужен сектор, животна средина, сообраќај, итн) за и против аргументи;
- Влијание на Европската економска и монетарна унија врз македонското стопанство;
- Планирање на политиката во контекст на ЕУ.

д) Обука врзана со меѓу - културна комуникација

- Јазична обука: 1) Англиски, 2) Француски, 3) други релевантни европски јазици;
- Различни култури на земјите членки на ЕУ.

Б. Специфична обука согласно целната група

Во текот на предпристапниот период целните групи треба да се селектираат во повеќе специфични обуки во зависност од нивната функција во процесот на европска интеграција. Приоритетните целни групи треба да бидат одредени во текот на секоја фаза на процесот на интеграција и потребите на овие групи се поврзани со индивидуалните потреби на секој државен службеник, кои се утврдени со детални истражувања.

а) Државни службеници кои се вклучени во законските процедури

- Општа ЕУ обука;
- Продлабочено професионално знаење во контекстот на ЕУ;
- Донесување одлуки и законски процедури во ЕУ;
- Право на судска практика на ЕУ, развој на ЕУ законодавство (Бела книга);
- Принципи и методологија на хармонизација на законодавството;
- Имплементација и мониторинг на хармонизираното законодавство;
- Македонско законодавство и можно влијание на ЕУ врз него;
- Специфична ЕУ терминологија наспроти македонската законска терминологија;
- Законски системи и искуства на релевантни земји членки.

б) Координатори на европската интеграција на национално ниво

- Општа ЕУ обука;
- Продлабочено знаење за специфични секторски работи;
- Македонско законодавство, можно влијание на членството во ЕУ врз законодавството;
- Вештини и техники на координација и преговарање;

- Продлабочено знаење за институции на ЕУ: структура, процес на донесување одлуки, улоги, база на податоци на ЕУ;
- Законодавството на ЕУ: структура, главни принципи, системи, функционирање, продлабочено знаење за специфично - секторско законодавство;
- Стратегија на Република Македонија за европска интеграција.

В) Државни службеници кои учествуваат во пред-пристапните и пристапните преговори; државни службеници учесници во работните групи на ЕУ, како и специјалисти во релевантни предмети

- Општа ЕУ обука;
- Продлабочено знаење за специфични секторски работи;
- Сопствена македонска политика на преговарање и стратегија;
- Специфична терминологија на ЕУ;
- Техники на преговарање, културни аспекти врзани со преговорите внатре во ЕУ;
- Лобирање во ЕУ;
- Искуства на нови земји членки на Европската унија; процедури на преговарање;
- Различни видови на основни проблеми; остручување на секој член на преговарачката делегација;
- Усовршени јазични вештини.

г) Повисоки функционери (кои не учествуваат во преговарачката делегација)

- Општа ЕУ обука;
- Продлабочено знаење за специфични секторски работи;
- Сопствена македонска политика на преговарање и стратегија;
- Специфична терминологија на ЕУ;
- Техники на преговарање, културни аспекти врзани со преговорите во ЕУ;
- Лобирање во ЕУ;
- Искуства на новите земји членки; процедури на преговарање;
- Различни видови основни проблеми; остручување, оформување на секој член на преговарачката делегација;
- Усовршени јазични вештини;

д) Државни службеници на локална власт и организации на локалната власт

- Општа ЕУ обука
- Регионален развој; локални иницијативи, подготовка, имплементација и мониторинг на регионални програми; администрација на структурни фондови

ѓ) Државни службеници одговорни за управување на обуката

- Општа ЕУ обука;
- Главни принципи за организирање на дополнителна обука за возрасни;
- Знаење за процесот на европска интеграција на Република Македонија;

- Искуства на институции на Европската унија и нејзини земји членки во обуката на државните службеници и системи кои се однесуваат на ЕУ обуката;
- ЕУ обука и внатрешни институции;
- Достапност на материјали за обука и средства за обука на обучувачи;
- Знаење за методи на евалуациони анализи на обука.

е) Државни службеници одговорни за јавното мислење и дистрибуција на информации

- Општа ЕУ обука;
- Продлабочено знаење за специфични секторски работи;
- Методи како да се работи со јавност и мас-медии;
- Извори на ЕУ информации (во македонската државна администрација и ЕУ комисија);
- Секторско специфично знаење на ЕУ работи;
- Искуство на други земји во координацијата на информации и во развојот на односите со јавноста.

ж) Судии

- Општа ЕУ обука;
- Законски систем и институции на ЕУ;
- Право на судска практика на ЕУ;
- Влијание на ЕУ врз македонското законодавство.

з) Преведувачи и толкувачи

- Продлабочено знаење на секторска специфична терминологија;
- Високо ниво на јазични и комуникативни вештини;
- Специфична ЕУ терминологија.

ѕ) Обучувачи

- Продлабочена обука на ЕУ проблематика;
- Потполно секторско специфично знаење внатре во контекс на ЕУ;
- Македонска стратегија за обука и системи што се однесуваат на ЕУобуката;
- Целосно знаење на темите врзани за предметното учење.

и) Други државни службеници вклучени во процесот на Европската интеграција

- Општа ЕУ обука;
- Специјална обука во различни области на процесот на европската интеграција;
- Секторска - специфична обука во согласност со специјалноста на државниот службеник во контекстот на ЕУ.

## 7. МЕТОДИ НА ОБУКА

Реализирањето на ЕУ обуката ќе биде од практична природа. Во зависност од принципот на управување, обуката ќе биде директно врзана со професионалната кариера на државните службеници. Во таа насока оваа обука ќе биде усогласена со активностите во однос на обуката на јавната администрација во рамки на стратегијата за реформа на јавната администрација.

Изборот на методите за обука мора да ги следи потребите на целните групи, кои ќе бидат утврдени со анализи, и евалуација на ефикасноста на обуката. Во анализата на обуката прилагодена на македонските државни службеници може да се индентификуваат следните методи и форми:

а) Формална обука

Образовните активности започнуваат со кратки воведни семинари и спроведување на екстензивни курсеви. За успешно учество во подолготрајна обука државните службеници ќе добијат специјален документ (сертификат, диплома). Ова формализирање ќе биде во врска со севкупните квалификации и кариера на државните службеници.

б) Студиски престои во институциите на Европската унија, земјите членки или придружните земји

Комбинирани студиски престои за разни програми на обука и подготовка на специфични студии врз база на искуствата и пронаоѓање на студиски престои.

В) Учество на меѓународни конференции, семинари и работилници

г) Индивидуално учење

- Работа со книги и друг материјал за обука;
- Пишување написи и есеи;
- Обучувач како консултант (искуства собрани на семинари или со извештаи).

Независната индивидуална метода за обука подразбира достапност на материјали за обука, специјално напишани и проверени за оваа пригода.

д) Практика и учење преку работа

- Размена на искуства со колеги од ЕУ земји членки, други земји кандидати;
- Размена на државни службеници со други земји;
- Работа со експерт и под раководство на експерт од ЕУ;
- Работа во институции на ЕУ;
- Размена на државни службеници и внатрешна обука во Европската комисија или во други земји членки или придружни земји, во разни програми основани од ЕУ или врз билателарни основи.

Брзиот развој на процесот на европската интеграција во Република Македонија претставува инзвореден предизвик за државните службеници да учат преку работата во своите области на делување. Стекнувањето на знаење и вештини со користење различни

методи на обука мора да биде забележано во базата на податоци за обуката на државните службеници.

## 8. УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СО ЕУ ОБУКАТА

Управувањето и координацијата со ЕУ обуката претставува насочување и координација на активностите во обуката во процесот на европската интеграција. Всушност, тоа е потреба од различни операции за остварување на целите утврдени со ЕУ обуката на различно ниво на државната администрација. Сите активности кои ќе бидат превземени во сферата на координацијата и управувањето на ЕУ обуката ќе бидат во синергија со активностите за обука на државните службеници во рамките на Стратегијата за реформа на јавната администрација. ЕУ обуката преставува компонента од постојаната обука чие остварување е предвидено во Стратегијата за реформа на јавна администрација, преку формирање на институт или агенција за обука на државните службеници. Заради ова, потребна е тесна соработка и постојана координација меѓу Одделението за европска интеграција, Одделенијата за европска интеграција во министерствата и Единицата за реформа на јавната администрација.

Владата и Одделението за европска интеграција имаат главна улога во процесот на координација и управување со општата ЕУ обука. Министерствата се одговорни за специфичната професионалната обука во своите органи.

ЕУ обуката е координирана од страна на Одделението за европска интеграција. ОЕИ исто така, ќе ја координира алокацијата на техничката помош за ЕУ обука и другите активности врзани со ЕУ обуката.

Секое министерство е одговорно за обезбедување обука на своите кадри во обласа на својата специфична дејност.

### 8.1. Структури одговорни за управување со ЕУ обуката

Одделението за европска интеграција како централен координатор за европската интеграција е надлежен за ЕУ обуката, со цел да го поддржи процесот на европската интеграција, координацијата на техничката помош за ЕУ обуката и да ги одреди приоритетите. Одделението делува како главно одделение за координација на ЕУ обуката.

Одделението за европска интеграција управува со ЕУ обуката и ја организира со цел да ги задоволи нараснатите потреби од обука во процесот на европска интеграција. Исто така, Одделението за европска интеграција ги координира проектите за формирање на мрежа на ЕУ обука и обучувачи.

Одделенијата за европска интеграција при министерствата ќе бидат одговорни за обуката во своите министерства.

Министерствата и органите во рамките на министерствата се одговорни за хармонизација на македонското законодавство со европското и негова имплементација. Од овие причини министерствата имаат главна одговорност за обезбедување обука на вработените од својата дејност. Специфичната обука на секое министерство ќе биде координирана од неговото Одделение за европска интеграција. Одделенијата за европска интеграција во министерствата ќе ги анализираат потребите од обука во министерстватата, и ќе ги подготвуваат програмите за обука на министерствата. Тие исто така, ќе ги организираат своите програми за обука и ќе ги договараат обуките.

Институциите и органите во рамките на министерствата ќе реализираат обука според своите потреби.

### 8.2. Меѓуминистерско управување и координација на ЕУ обуката

Управувањето со ЕУ обуката се остварува и координира во рамките на Работниот комитет за европска интеграција. Членовите на Одделенијата за европска интеграција при министерствата и централното Одделението за европска интеграција во рамките на Работниот комитет за европска интеграција ќе:

- идентификуваат приоритети за обука и ќе детерминираат средства за да се покријат трошоците за обука;
- разменуваат информации меѓу државните службеници од различни министерства и државни органи за да се идентификуваат нивните потреби за обука;
- координира имплементација на приоритетите на обука и техничка помош за ЕУ обука;
- остварува мониторинг и евалуација на активностите на обуката за да се обезбеди ЕУ обуката со потребната техничка помош во согласност со приоритетите на политиката за ЕУ интеграција;

Одделението за европска интеграција е надлежно за подготовка на состаноците на Работниот комитет за европска интеграција и истовреме го информира за активностите во сферата на ЕУ обуката.

## 9. НЕОПХОДНИ РЕСУРСИ ЗА ОБУКАТА

Еден од најважните предуслови за ефикасна обука е постоењето на расположиви човечки ресурси за реализирање на обуката. За да се гарантира квалитет на обуката потребно е да пронајдат центри за обука кои квалитетно ќе ја остваруваат обуката, и ќе ги задоволат бараните потреби.

Затоа е неопходно, основната ЕУ обука колку што е можно побрзо да се имплементира од страна на локални експерти и предавачи. Тоа ќе подразбира, обезбедување обучувачи од универзитетите во Република Македонија кои ќе бидат вклучени и во подготовката на програмите за обука на државните службеници и организирање обука на обучувачите.

Исто така, во скоро време се очекува регрутирање и оспособување на обучувачи од централното владино Одделение за европска интеграција и Одделенијата за европска интеграција при министерствата, како и од Секторот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, кои по соодветната обука ќе бидат подготвени за учество во реализацијата на програмата за обука во рамките на Владата на Република Македонија.

Досегашните искуства во реализирањето на ЕУ обуката покажуваат дека меѓународните институции имаат главна улога во имплементирањето на ЕУ обуката. Тоа се експертите предвидени преку Европската комисијата, експертите на Делегацијата на ЕУ во РМ, експерти ангажирани преку разни проекти на ЕУ, експерти ангажирани преку проекти на билатерална основа, итн.

Во истовреме. специјалната обука за приоритетните групи на државни службеници кои се директно вклучени во ЕУ процесот, секторски специфичната обука ќе се спроведуваат главно со помошна странски предавачи и странски образовни институции.

Одделението за европска интеграција и Одделенијата за европска интеграција при министерствата обезбедуваат анализирана и систематска информација за потребите од обука во која и да било област на администрацијата, до институциите за обука. Следејки ги договорените принципи за организирање и координација на обуката на Одделенијата за европска интеграција при министерствата, тие можат да договорат обука со релевантни институции и да ги имплементираат нивните планови на обука. Врз база на идентификуваните потреби, институциите за обука ќе подготват програми за обука и семинари, со цел да се координира планирањето на различни програми за обука за да се избегне дуплирање и да се обезбеди нивна кореспонденција со работниот план на целните групи.

Освен тоа, институциите за обука се независни во собирањето на програми. Одделението за европска интеграција формира база на податоци за програмите за ЕУ обука, која исто така ќе ги вклучи и локалните експерти.

Во обезбедувањето услуги од институциите за обука ќе се земат предвид следните критериуми:

- распишување тендер кога постојат повеќе подготвени институции кои нудат обука;
- распишување тендер за пошироки комплетни пакети за обука
- директно нарачување на услугите за обука во случаи кога една институција може јасно да биде идентификувана за најдобра или како единствена за обука.

Институциите за обука ќе го информираат Одделението за европска интеграција за планирањето, имплементирањето, и /или евалуацијата за нивните курсеви за обука за да се обезбеди задоволителна информација за координацијата и понатамошен развој на програмите за обука.

## 10. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕУ ОБУКАТА

Финансирањето на ЕУ обуката се планира да се обезбеди од страна на буџетот на Република Македонија, буџетот на министерствата и финансиските средства на странските донатори.

Годишно во државниот буџет ќе се предвидуваат финансиски средства за ЕУ обука врз основа на усвоените програми за обука. Средствата од буџетот ќе бидат наменети за општата ЕУ обука. Координатори на средствата за општа ЕУ обука се Работниот комитет за европска интеграција и Одделението за европска интеграција.

За специјалните обуки ќе се предвидуваат средства од буџетот на министерствата. Министерствата се одговорни за координација, мониторинг, и користење на финансиските средства во нивните органи.

Алоцираните финансиски средства од странските донатори ќе се користат за вклучување на странски експерти-обучувачи во процесот на обуката за да придонесат во унапредувањето на знаењата и вештините на државните службеници за имплементација на процесот на европска интеграција.

Финансиските средства добиени од странските донатори ќе бидат наменети за реализирање на ЕУ обука врз основа на одобрена програма на Работниот комитет за европска интеграција.

## 11. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

### 11.1. Мониторинг

Одделенијата за европска интеграција во рамките на министерствата се одговорни за собирање информации за планираните и реализираните активности за обука во областа на нивното делување.

Секое Одделение за европска интеграција при министерствата подготвува и води сопствена база на податоци за ЕУ обуката, која ги опфаќа сите негови реализирани програми за обука, обучувачи и обучуван кадар.

Со цел да се оствари севкупна координација на ЕУ обуката, Одделенијата за европска интеграција при министерствата го информираат Одделението за европска интеграција при Владата за сите нивни активности во сферата на обуката и подготвуваат квартални извештаи за остварената ЕУ обука до него.

Централното Одделението за европска интеграција врз основа на добиените информации и извештаи од Одделенијата за европска интеграција при министерствата, изготвува и води национална база на податоци за ЕУ обуката. Оваа база на податоци ги обезбедува министерствата, различните институции и органи и странските донатори со најнови ажурирани информации за планираните и реализираните активности. Со неа се зајакнува соработката меѓу различни институции и агенции за обука и се избегнува неадекватното преклопување на програмите за обука.

Одделението за европска интеграција е должно годишно да го известува Работниот комитет за европска интеграција, за остварените активности во областа на ЕУ обуката.

### 11.2. Евалуација

Имплементацијата на обуката ќе се оценува систематски. Одделенијата за европска интеграција при министерствата се одговорни за севкупната евалуација во сферата на нивната обука. Тие ќе ги собираат и анализираат информациите за проценка на реализираните обуки од институциите за обука.

Централното Одделение за европска интеграција и Одделенијата за европска интеграција при министерствата ќе бидат одговорни за евалуацијата на имплементацијата на севкупна ЕУ обука. Одделението ќе ги синтетизира евулационите информации добиени од министерствата и ќе подготвува анализи за дискусија на состаноците на Работниот комитет за европска интеграција

Целта за организирање и остварување на евалуација, е да се идентификуваат евентуалните проблеми во програмите за обука и отварање можности, програмите за обука понатаму да се унапредат и ревидираат.

## 12. АКТИВНОСТИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕУ ОБУКАТА

За успешно остварување на ЕУ обуката треба да се превземат следниве активности:

- Подготовка на прашалник до сите Одделенија за европска интеграција при министерствата од страна на централното Одделение за европска интергација, во кој ќе бидат опфатени сите релевантни податоци за обука во министерствата: реализирани обуки од областа на европската интеграција, потреби и приоритети од обука во министерството, степенот на знаењата за ЕУ содржините и знаењето на странските јазици. Добиените податоци ќе претставуваат основа за подготовка на Акционен план за обука кој ќе обезбеди адекватно планирање на ЕУ обуката.
- Обезбедување на основна обука за сите основни групи на државни службеници и специјална обука за приоритетни целни групи според распоредот и приоритетите на европската интеграција.
- Поддршка на имплементација на програми за обука на обучувачи.
- Поддршка на подготовката и превод на материјали за учење во различни области на ЕУ и истражувања врзани со ЕУ обука.
- Унапредување на обука на странски јазици, и тоа најмалку два најфреквентни јазици за комуникација.
- Унапредување на обука за работа на компјутер, особено да се посвети внимание за работа во мрежа, интернет пристап и достап до сите потребни информации.
- Употреба на ефикасни методи за обука и можности за практицирање во странство, како и испраќање на државни службеници во други земји и меѓународни организации.
- Усовршување на операции на структури одговорни за организација и координација на ЕУ обука.
- Создавање на потребна база на податоци за унапредување на координацијата на работата на структури кои работат со ЕУ обука.
- Гарантирање потребни средства за имплементација на активностите на ЕУ обука.


Влада на
Република Македонија
Служба за општи и заеднички работи
Секретаријат за законодавство
Стручна служба на Владата
Реп.завод за статистика
Реп.хидр.метеорол.завод
Архив на Реп.Макед.
Реп.завод за суд.вештачења
Републ.геодетска управа
Реп.комис.за односи со вер.заедници
Министерство за одбрана*
Министерство за внатрешни работи*
Министерство за правда*
Дирекција за извршување на санкциите
Републички управен инспекторат
Министерство за надворешни работи
Министерство за финансии*
Царинска управа (правно лице)
Дирекција за стокови резерви (правно лице)
Реп. управа за имотно-правни работи
Реп.девизен инспекторат
Republi-ka uprava za javni prigodi
Министерство за стопанство*
Реп.управа за наменско производство
Реп.инспект.за техничка инспекција
Дирекција за туризам (правно лице)
Завод за стандардизација и метрологија (правно лице)
Министерство за трговија
Реп.пазарен инспекторат
Министерство за развој
Завод за заштита на индустриската сопственост
Агенција за недоволно развиени подрачја
Министерство за урбанизам и градежништво*
Реп.инспекторат за урбанизам и градежништво
Реп.завод за просторен информативен систем
Министерство за животна средина
Реп.инспекторат за животна средина
Фонд за животна средина
Завод за животна средина
Министерство за сообраќај и врски*
Реп.инспекторат за сообраќај и врски
Капетанија на пристаништата
Дирекција за цивилно-воздушна пловидба
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
Републичка управа за ветеринарство
Републичка управа за водостопанство
Реп.инспекторат за земјоделство и шумарство
Министерство за труд и социјална политика*
Реп.управа за прашања на борците и воените инвалиди
Републички инспекторат за труд
Министерство за образование*
Републички педагошки совет
Реп.педагошки завод (правно лице)
Републички просветен инспекторат
Министерство за млади и спорт
Министерство за наука
Реп.завод за меѓународна научно-техничка соработка (правно лице)
Министерство за култура
Агенција за лекови
Министерство за здравство*
Републички санитарен и здравствен инспекторат
Фонд за здрав.осигурување
Министерство за локална самоуправа
Реп.инспекторат за локална самоуправа
Министерство за иселеништво
Министерство за информации



Влада на Република Македонија
Комитет за евро - атлански интеграции
- Претседател е Премиерот, а членови се Потпретседателите на Владата, Министрите за: надворешни работи, финансии, одбрана, внатрешни работи, правда, стопанство, земјоделие, урбанизам, Гувернерот на НБМ, Претседателот на МАНУ
Работен Комитет за Европска интеграција
- Претседател е Потпретседателот на Владата задолжен за европска интеграција, а членови се замениците министри
Совет за соработка
- Министерство за надворешни работи
- Одделение за европска интеграција
- Членови на Работни групи (пет) и Комитетот
Министерство за надворешни работи
Потсекретар - секретар на Комитетот за Евро-Атлантски интеграции интеграции
Потпретседател на Влада Европска интеграција, Национална координација на странска помош
Сектор за Европска унија
- политички дел
Одделение за европска интеграција
- оперативен дел
Одделенија за европска интеграција при Министерства